СКМ-ЗП-РУ-08/03

Врз основа на член 12 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата, Здружението на металната и електроиндустријата, на седницата одржана на 06.02.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за изменување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на металната и електроиндустријата, бр. 12-761/2 од 24.02.2005 година.

**Член 2**

Во Правилата наведени во член 1 на оваа Одлука, член 7 се менува и гласи:

„Член 7

Здружението на пленарна седница избира Управен одбор како орган на управување.

Управниот одбор има 15 членови, од кои се избира претседател и заменик-претседател, кои се избираат од претставници на членови на Здружението на пленарна седница.

Претседателот на Управниот одбор е и претседател на Здужението и заменик-претседателот е и заменик-претседател на Здружението.

Мандатот на членовите на Управниот одбор изнесува 5 години, со можност за повторен избор.“

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 17-218/4
06.02 2015 год.
С к о п ј е

Претседател,
Аце Антевски с.р.